Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. Весник на РМ бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Министерството за транспорт, на ден ___________ година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани (градби за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1MW), на дел од КП 52/1 и дел од КП 52/2, КО Старо Лагово, Општина Прилеп, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува Министерство за транспорт на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани (градби за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаична електрана со капацитет поголем од 1MW), на дел од КП 52/1 и дел од КП 52/2, КО Старо Лагово, Општина Прилеп, нема да има негативно влијание врз животната средина.
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната www.mtc.gov.mk.

Бр.21-6221/4
Датум:28.08.2025
Место: Скопје

Министер,
Александар Николоски